За закажаното собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника - Скопје, **за ден 21.11.2018 година**, **(среда) со почеток во 13 часот во хотел Континентал сала Континентал Клуб-Скопје,** по однос на предложениот и објавен дневен ред, од акционери кои поединечно поседуваат повеќе од 5% од вкупниот број на акции со право на глас, беа доставени предлози за дополнување на дневниот ред со нови точки покрај постојните во објавениот дневен ред и тоа: Предлог од акционерот: Киријас Велибор за дополнување на дневниот ред со една нова точка: Измена на чл.80 став 2, став 3 и став 4 од Статутот на Акционерското друштво, со доставена предлог-одлука како и Предлог од акционерот: ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи-Скопје за дополнување на дневниот ред со две нови точки: Донесување Одлука за разрешување на членовите на Одборот на директори, согласно чл.44 став 3 од Статутот на Акционерското друштво односно пред истекот на времето за кое се избрани, со доставена предлог-одлука и Донесување Одлука за избор на членови на Одборот на директори, со доставена предлог-одлука, па согласно наведените предлози од акционерите, постапувајќи по член 390 став 10 од Законот за трговските друштва, **Одборот на директори на АД Раде Кончар – Апаратна техника – Скопје го става на располагање на акционерите и го објавува следниот предлог**

# РЕВИДИРАН ДНЕВЕН РЕД

## I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

1. Отварање на Собранието
2. Избор на претседавач на Собранието
3. Одредување на записничар - Нотар
4. Избор на трачлена верификациона комисија и бројач на гласови
5. Извештај на верификационата комисија

## II. РАБОТЕН ДЕЛ

1. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото во деловната 2017 година и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје за деловната 2017 година.

2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка за деловната 2017 година.

3. Разгледување и усвојување на ревидираните финансиски извештаи за деловната 2017 година.

4. Донесување на Одлука за распределба на добивката за 2017 година.

5. Донесување на Одлука за распределба на резерви над законски утврдениот износ како дивиденда на акционерите.

6. Донесување на Одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар.

7. Донесување на Одлука за намалување на основната главнина на Друштвото.

8. Донесување на Одлука за измена на чл.80 став 2, став 3 и став 4 од Статутот на Акционерското друштво

9. Донесување на Одлука за разрешување на членовите на Одборот на директори, согласно чл.44 став 3 од Статутот на Акционерското друштво, пред истек на времето за кое се избрани.

10. Донесување на Одлука за избор на членови на Одборот на директори.

Материјалите по однос на ревидираниот дневен ред се достапни и објавени на интернет страницата на Друштвото www.radekoncar-ad.com.mk, интернет страната СЕИ-НЕТ на Македонска Берза како и во Архивата лоцирана во кругот на Друштвото секој работен ден од 10,00 до 13,00 часот.

Во останатиот дел, Јавниот повик за Собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје закажано за ден 21.11.2018 година, објавен на 19.10.2018 година на интернет страната на Друштвото и на СЕИ-НЕТ на Македонска Берза како и објавен на ден 20.10.2018 година во “Независен Весник”, останува неизменет.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА АД**